Согласно член 25 став (7) точка 48), а во врска со член 50 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, Управниот одбор на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, на предлог на Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори, на ден 22.12.2015 година го донесе следниот

# Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола

## Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката на вршење периодична контрола, во член 2 став 2 алинеа 2 и 3, зборовите "еден месец" се заменуваат со зборовите "шест месеци".

Во член 2 став 2 се додаваат четири нови алинеи кои што гласат:

''- Потврда од Централен Регистар на РМ дека друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор – трговец поединец не е евидентирано во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност (не постара од шест месеци од денот на доставување);

- Потврда од Централниот Регистар на РМ дека друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор – трговец поединец не е евидентиран во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот Регистар на РМ (не постара од шест месеци од денот на доставување);

- Потврда од Централен Регистар на РМ дека мнозинството со право на глас во друштвото за ревизија е во сопственост на овластени ревизори (не постара од шест месеци од денот на доставување);

- Писмена изјава дека овластениот ревизор – трговец поединец не е основач на друштво за ревизија и не е вработен кај друг овластен ревизор - трговец поединец или друштво за ревизија.''

Член 2 став 3 се менува и гласи:

''Документите наведени во претходниот став се доставуваат во периодот од 15 до 31 јануари во тековната година, во оригинал или копија заверена со печат и потпис од овластеното лице на друштвото/ трговецот поединец.''

Член 2 став 5 се менува и гласи:

"Доколку настанат промени согласно член 2 став 2 од овој Правилник, друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор – трговец поединец, е должно да ја извести Комисијата за настанатата промена во рок од 5 работни дена. Известувањето за промената во листата на вработени што се бара во став 2 алинеја 2 од овој член, се доставува само во случај на промени кај вработени лиценцирани овластени ревизори. Веднаш по приемот на известувањето, ИОРРМ е обврзан да го ажурира соодветниот регистар."

Во Член 2 се додава став 6, 7 и 8 кои што гласат:

"Доколку бројот на овластени ревизори се намали под бројот пропишан со Законот за ревизија, или во случај да настане неусогласеност на сопственичката структура, друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец треба да се усогласат во рок од три месеци од настанатата промена.

Во случај на неусогласеност на сопственичката структура поради смрт на содружникот/сопственикот, усогласувањето треба да се реализира со завршување на оставинската постапка.

Доколку Комисијата при спроведувањето на периодичната контрола утврди дека бројот на овластени ревизори се намали под бројот пропишан со Законот за ревизија или постои неусогласеност на сопственичката структура кај друштвото за ревизија или кај овластениот ревизор – трговец поединец, ИОРРМ за тоа го известува Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија".

**Член 2**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење периодична контрола влегува во сила на денот на усвојувањето од страна на Управниот одбор на ИОРРМ, а се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

**Борислав Атанасовски**
**Претседател на ИОРРМ**